Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

11-6890/1
09. 07. 2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Во врска со имплементацијата на Законот за управување со пакување и отпад од пакување

Министерството за животна средина и просторно планирање ги информира економските оператори поврзани со управувањето со пакување, согласно со Законот за управување со пакување и отпад од пакување (пакување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12 и 39/12,) дека согласно со член 67 од истиот закон надоместкот од членот 40 на овој закон се применува од 1 јануари 2011 година. Согласно со член 67-а од истиот закон производителите можат да одлучат да не го плаќаат надоместокот најдоцна до 30 јуни 2011 г. , доколку се во постапка на здружување преку основање или склучување договор со правно лице за постапување со отпад од пакување или во постапка на регистрација во евиденцијата на самостоен постапувач со отпад од пакување. Доколку производителите не се здружиле преку основање или не склучиле договор со правно лице за постапување со отпад од пакување или не се регистрирале во евиденцијата на самостоен постапувач со отпад од пакување најдоцна до 30 јуни 2011 г., а притоа не извршиле уплата на надоместоците согласно со член 40 од овој закон се должни најдоцна до 31 јули 2011 г. да извршат исплата на неплатените надоместоци во период од 01.01.2011г до 30.06.2011г.

Надоместокот се пресметува врз основа на нето - тежина на пакувањето пресметани согласно со производствената спецификација и евиденцијата од месечната евиденција. Производителот и

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока е должен да го плати надоместокот од на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на секој 15 ден во тековниот месец за сите пресметани надоместоци од претходниот месец
( податоците може да се прочитаат на www.moepp.gov.mk).

По исклучок, надоместокот не се плаќа доколку спакуваните стоки се извезуваат или се уништуваат или е обезбедена извозна царинска декларација како доказ дека спакуваната стока, за која не е пресметан надоместокот е извезена од Република Македонија, односно е обезбеден записник дека стоката е уништена.

Исто така, согласно со член 41 од истиот закон, од плаќање на надоместокот се ослободени исклучиво:

1) производителот и производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока доколку имаат склучено договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со правно лице за постапување со отпад од пакување (колективен постапувач) кое има обезбедено дозвола согласно со членот 21 од овој закон и тоа од моментот на склучување на договорот; за перодот од 01 јануари 2011 до датумот на склучување на договорот со колективниот постапувач останува обврската за плаќање на надоместокот; Производителот и производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока се ослободени од плаќање на надоместокот доколку ја поседуваат потврдата од членот 21 став (9) на овој закон (потврда за ослободување од плаќањето на надоместокот).
2) производителот и производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока имаат обезбедено потврда дека производителот е регистриран во евиденцијата на самостоен постапувач и
3) субјектите кои се определени со членовите 31 и 32 од овој закон ( производител на пакување со долг животен

век и производител регистриран во евиденцијата како мал производител).

Доколку не се почитуваат одредбите од законот производителите ќе подлежат на прекршочни санкции регулирано со истиот закон (VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ).

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Директор на Управа за животна средина
Филип Иванов

Подготвил: Илбер Шабани
Контролирал: м-р. Валериј Пенев
Одобрил: м-р. Ана Каранфилова Мазневска